Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 10-822/2
Дата: 13-12-2023

До: [redacted]

Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна, по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-822/1 од 27.11.2023 година.

Во продолжение бараните информации, согласно Вашето барање:

1. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до моментот на доставување на барањето за информации од јавен карактер, нема добиено претставка за тоа дека девојчиња издржуваат затворска казна во Казнено-поправната установа „Идризово", а момчиња во Воспитно-поправниот дом Волкови.
2. Во однос на прашањето од точка 2 од Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е колективно тело и спроведува постапки за заштита од дискриминација по поднесени претставки или по службена должност кога има основано сомнение дека поголем број на лица се дискриминирани. Комисијата досега не постапувала по предмет во врска со наведената ситуација, па оттука, за тоа дали во конкретна ситуација има или нема дискриминација, не може да даде одговор.

Ви стоиме на располагање за сите дополнителни информации.

Со почит,

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски